РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3401/2

20-01-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3401/1 од 14.09.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека погоре наведениот предмет нема елементи за нејзино надлежно постапување.

Предметот со архивски број 12-3401 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3401/1 од 14.09.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот). Во истата, подносителот изразува незадоволство од донесена судска одлука по однос на кривичен предмет заведен под број /// на ///. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По разгледување на пријавата и доставените докази, ДКСК оцени дека во конкретниот случај предметот нема елементи за нејзино надлежно постапување, од

причина што изнесените наводи на подносителот не укажуваат на сомнежи за можна злоупотреба на службената положба и овластување на службено лице, со цел стекнување корист, директно или преку посредник, за себе лично или за друг.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Горан Трпеноски

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д.